

БЛАГАЈНИК-СОРАБОТНИК
Associate - Cashier

Локација: Гостивар

Оддел: Сектор за Население/ Оддел мрежа на експозитури/ Експозитура Гостивар

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse

35 експозитури

повеќе од 200.000 клиенти во земјата

посветеност,кредибилет и сигурност

Што ќе биде твојата улога

- Спроведување на сите готовински и безготовински трансакции со клиенти на благајна – физички и правни лица, работа со готовина, менувачко работење и подготовка на дневни и други извештаи
- Одлично познавање на производите и услугите на Банката, учество во продажни кампањи, промоции и активна продажба на сите банкарски производи, како и реализација на продажните цели
- Креирање, ажурирање и одржување на портфолиото на клиенти преку сеопфатно, професионално опслужување, следење и одржување на задоволството на клиентите и градење на долгорочни релации со клиентите
- Постапување согласно деловната политика за чување банкарска и деловна тајна, строго почитување на процедурите за работа, доверливост и високо ниво на интегритет и работна етика

Кои квалификации се потребни

- Минимум ССС;
- Работно искуство во продажба и промоција на производи и услуги, остварување на таргети и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност;
- Активно познавање на работа со компјутер (MC Office);
- Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);
- Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, активна продажба, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **10.11.2026 година** со назнака **„Апликација за Благајник-соработник Гостивар".**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината

Те очекуваме!